РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛЕДЕЊЕ
на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020 и ИПАРД Програмата 2021-2027
(за периодот до декември 2024)

декември, 2024

# Содржина:

1. Вовед ... 3

2. Оцена на напредокот во спроведувањето на целите, мерките и инвестициите на ИПАРД Програмата 2014-2020 ... 4

2.1 Цели на ИПАРД Програмата 2014-2020 ... 4

2.2 Анализа на процесот на спроведување по мерка ... 5

a. Спроведување на мерка 1 ... 9

b. Спроведување на мерка 3 ... 10

c. Спроведување на мерка 7 ... 11

3. Оцена на напредокот во спроведувањето на целите, мерките и инвестициите на ИПАРД Програмата 2021-2027 ... 13

## 1. Вовед

Според член 52 од Договорот за финансиско партнерство, а со цел да се постигнат целите на Програмата, Комитетот за следење на ИПАРД III ги презема сите отворени прашања во врска со ефективноста и квалитетот на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020.

Согласно правилото Н+4, доделено од Европската комисија во декември 2023 година (Ares (2023)8495615), имплементацијата на ИПАРД Програмата 2014-2020 завршува. Комитетот за следење ги испитува резултатите од ИПАРД Програмата 2014-2020 година, особено постигнувањето на целите поставени за различните мерки и напредокот во користењето на финансиските распределби на тие мерки и распределбата на подмерките во рамките на мерките каде што се вклучени такви распределби. Во таа насока, Телото за управување со ИПАРД (ТУ со ИПАРД) гарантира дека сите релевантни информации за напредокот на мерките и подмерките се ставени на располагање на членовите на Комитетот за следење. За таа цел, ТУ со ИПАРД го подготвува овој извештај за следење.

Полугодишните податоци за следење на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020 (јуни - јануари) се претставени во годишниот извештај за следење, кој ТУ со ИПАРД го доставува до Комитетот за следење и е составен дел на годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата. Годишните податоци од мониторингот (јануари - јуни) се претставени во овој извештај.

Дополнително, овој извештај го прикажува почетокот на имплементацијата на ИПАРД Програмата 2021-2027 година. Анализата на имплементацијата е направена врз основа на месечни податоци за аутпут индикатори.

# 2. Оцена на напредокот во спроведувањето на целите, мерките и инвестициите на ИПАРД Програмата 2014-2020

## 2.1 Цели на ИПАРД Програмата 2014-2020

И покрај тоа што Програмата потенцијално служи за повеќе од една цел според ИПА II и нејзината конзистентност со Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (НАРДС) 2014-2020, целите на Програмата се групираат во следниве приоритетни области:

- Зајакнување на одржливоста на земјоделските стопанства и конкурентноста на сите видови земјоделство и примарна преработка на храна, истовремено прогресивно усогласувајќи се со стандардите на Унијата. Цели ќе се постигнат со спроведување на мерките за „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ и „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“.
- Враќање, зачувување и зајакнување на екосистемите зависни од земјоделството и шумарството.
- Промовирање на рамномерен територијален развој во руралните области. Целта ќе се достигне со спроведување на мерката „Подобрување и развој на руралната инфраструктура“ и „Диверзификација на фармите и развој на бизнис“.
- Трансфер на знаење и зајакнување на јавната администрација во спроведувањето на програмите за рурален развој.

Мерката „Техничка помош“ е хоризонтална мерка, која поддржува успешно спроведување на целата програма, затоа оваа мерка не може да биде директно поврзана со посебна цел.

Постигнувањето на целите на мерката се оценува преку сет на специфични индикатори дефинирани и насочени за секоја мерка[1].

| Индикатори за мерката | | Проектирана цел | Постигнати резултати | Постигнато во % |
|---|---|---|---|---|
| Мерка 1 | Број на поддржани проекти | 3.100 | 1.802 | 58,1 % |
| | Број на земјоделски стопанства кои изведуваат проекти на модернизација | 3.100 | 1.802 | 58,1 % |
| | Број на економски ентитети кои постепено се унапредуваат до стандарди на ЕУ | 1.200 | 760 | 63,3 % |
| | Број на земјоделски стопанства кои постепено напредуваат кон целосна усогласеност со стандардите на ЕУ за благосостојба на животните | 30 | 9 | 30 % |
| | Број на стопанства што инвестираат во производство на обновлива енергија | 25 | 2 | 8 % |
| | Број на стопанства што инвестираат во управување со добиток заради | 50 | НП | НП |

[1] Индикаторите за бројот на поддржани проекти, број на земјоделски стопанства/претпријатија кои изведуваат проекти за модернизација и број на земјоделски стопанства /претпријатија кои развиваат дополнителни или диверзифицирани извори на приход во руралните области имаат статус од 31ви октомври 2024 година. Другите индикатори на оваа табела имаат статус од 30ти од јуни 2024 година.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | намалување на емисиите на $N_2O$ и метан (складирање на ѓубриво) | | | |
| | Вкупни инвестиции во физички капитал кај поддржаните земјоделски стопанства | 48 милиони € | 43,1 милиони € | 89,8 % |
| Мерка 3 | Број на поддржани проекти | 220 | 143 | 65 % |
| | Број на стопанства кои изведуваат проекти на модернизација | 220 | 143 | 65 % |
| | Број на економски ентитети кои постепено се унапредуваат до стандарди на ЕУ | 200 | 28 | 14 % |
| | Број на стопанства што инвестираат во производство на обновлива енергија | 20 | 20 | 10 % |
| | Број на креирани работни места (бруто) | 1.300 | НП | НП |
| | Вкупни инвестиции во физички капитал кај поддржаните стопанства | 52 милиони € | 42,9 милиони € | 82,5 % |
| Мерка 7 | Број на поддржани проекти | 300 | 167 | 55,7 % |
| | Број на земјоделски стопанства кои развиваат дополнителни или диверзифицирани извори на приход во руралните области | 70 | / | / |
| | Број на корисници што инвестираат во производство на обновлива енергија | 25 | / | / |
| | Број на креирани работни места (бруто) | 1.000 | НП | НП |
| | Вкупни инвестиции во физички капитал кај поддржаните корисници | 9 милиони € | 25,1 милиони € | 279 % |

## 2.2 Анализа на процесот на спроведување по мерка

Спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020 започна во април 2017 година со поднесување на барањата на првиот јавен повик (кој ги вклучи сите 3 мерки). Од тогаш се објавени дополнителни 8 јавни повици:

- Јавен повик 01/2018 за поднесување на барања за мерка 3,
- Јавен повик 02/2018 за поднесување на барања за мерка 1,
- Јавен повик 01/2019 за поднесување на барања за мерка 7,
- Јавен повик 02/2019 за поднесување на барања за мерка 3,
- Јавен повик 01/2020 за поднесување на барања за мерка 1,
- Јавен повик 01/2021 за поднесување на барања за мерка 7,
- Јавен повик 01/2022 за поднесување на барања за мерка 3 и
- Јавен повик 01/2023 за поднесување на барања за мерка 3.

Статусот на барањата поднесени на сите јавни повици за ИПАРД Програмата 2014-2020 до октомври 2024 година е:

| Мерка | Барања | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Поднесени | | Одбиени | Одобрени | | | Исплатени | |
| | Бр. | ЕУ дел | | Бр. | ЕУ дел | Откажани договори | Бр. | ЕУ дел |
| 1 | 3.251 | 35.979.297 | 1.309 | 1.942 | 20.626.848 | 140 | 1.802 | 17.217.446 |
| 3 | 283 | 61.216.850 | 97 | 186 | 26.209.428 | 53 | 143 | 19.762.631 |
| 7 | 698 | 63.898.035 | 480 | 218 | 19.626.369 | 51 | 167 | 11.103.750 |
| 9 | 33 | 354.236 | 0 | 33 | 354.236 | 5 | 28 | 277.613 |
| Вкупно | 4.265 | 161.448.418 | 1.886 | 2.379 | 66.301.744 | 241 | 2.130 | 48.361.440 |

Последната фаза од спроведувањето на ИПАРД II Програмата го зголеми притисокот на имплементација во Секторот за одобрување плаќања во ИПАРД Агенцијата. На крајот на 2023 година немаше губење на средства поради добиено одобрение за продолжување за реализација на буџетската обврска 2020 година за една година (од Н+3 на Н+4). Затоа, сите преостанати трошоци за ИПАРД II (направени и исплатени на примателите на ИПАРД) треба да се спроведат најдоцна до 31 декември 2024 година, кога ќе заврши прифатливоста за придонес на Унијата за трошоци во рамките на програмата ИПАРД II. Според податоците на ИПАРД Агенцијата и имајќи го предвид крајниот датум за реализација на инвестициите предвидени во договорите за распределба на средствата склучени меѓу крајните приматели и ИПАРД Агенција, предвидувањата се дека 9,9 милиони евра ќе бидат неискористени и изгубени за целиот програмски период. Исто така, се забележува откажување на договорите, бидејќи корисниците не можеа да одговорат на барањата за реализација на инвестициите поради зголемени цени, значително повисоки од цените во договорите, како и последица на КОВИД.

Анализата за спроведувањето на мерките 1, 3 и 7 од Програмата по региони е направена од страна на Телото за управување со ИПАРД и се заснова на податоци од системот за следење и со датум на важност на податоци од 31ви октомври 2024 година.

| Регион | Поднесени | Одобрени | | | Исплатени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број (А) | Број (Б) | % (Б/А) | ЕУ дел | Број (В) | Број (В/А) | ЕУ дел |
| Пелагонија | 1.529 | 911 | 60 % | 9.654.698 | 883 | 58 % | 9.885.940 |
| Вардар | 973 | 582 | 60 % | 7.591.123 | 521 | 54 % | 4.781.772 |
| Североисточен | 195 | 87 | 45 % | 917.174 | 88 | 45 % | 811.170 |
| Југоисточен | 344 | 167 | 49 % | 9.666.967 | 143 | 42 % | 6.439.773 |
| Скопски | 372 | 181 | 49 % | 16.873.618 | 112 | 30 % | 10.348.382 |
| Југозападен | 244 | 120 | 49 % | 4.469.429 | 97 | 39 % | 3.211.421 |
| Полошки | 175 | 81 | 46 % | 10.781.546 | 60 | 34 % | 6.611.275 |
| Источен | 400 | 217 | 54 % | 6.508.090 | 208 | 52 % | 5.908.075 |
| Вкупно | 4.232 | 2.346 | 55 % | 66.462.645 | 2.112 | 50 % | 47.997.808 |

Податоците и резултатите од горната табела може да се поткрепат со фактот дека регионите како Пелагонискиот, Вардарскиот и Југоисточниот имаат понапредно земјоделско производство предводено најмногу од растителното производство (житни култури, овоштарство и лозја и зеленчук). Дополнително, инвестициите во растителното производство, особено во набавката на нови машини и опрема, се помалку комплицирани за спроведување (нема потреба од дозволи за градба/реконструкција или во случај на трактори нема потреба од доказ за еколошките стандарди). Успешноста на имплементацијата во Скопскиот регион, особено во мерката 3, се должи на седиштето

на барателот. Најголем дел од компаниите корисници на ИПАРД се со седиште во Скопје, но локацијата на инвестицијата може да биде во друг регион.

Поддршка во мерка 1 по статистички региони:

| Регион | Поднесени | Одобрени | | | Исплатени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број (А) | Број (Б) | % (Б/А) | ЕУ дел | Број (В) | Број (В/А) | ЕУ дел |
| Пелагонија | 1.355 | 828 | 61 % | 5.350.192 | 813 | 60 % | 6.076.275 |
| Вардар | 859 | 551 | 64 % | 4.169.227 | 496 | 58 % | 2.802,590 |
| Североисточен | 146 | 73 | 50 % | 482.895 | 76 | 52 % | 460.854 |
| Југоисточен | 240 | 126 | 53 % | 3.005.789 | 115 | 48 % | 2.041.458 |
| Скопски | 182 | 102 | 56 % | 2.942.589 | 62 | 34 % | 1.687.592 |
| Југозападен | 158 | 85 | 54 % | 402.035 | 72 | 46 % | 343.678 |
| Полошки | 67 | 27 | 40 % | 1.997.277 | 21 | 31 % | 1.344.915 |
| Источен | 244 | 150 | 61 % | 2.276.844 | 147 | 60 % | 2.376.066 |
| Вкупно | 3.251 | 1.942 | 60 % | 20.626.848 | 1.802 | 55 % | 17.133.428 |

Поддршка во мерка 3 по статистички региони:

| Регион | Поднесени | Одобрени | | | Исплатени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број (А) | Број (Б) | % (Б/А) | ЕУ дел | Број (В) | Број (В/А) | ЕУ дел |
| Пелагонија | 47 | 32 | 66 % | 2.683.205 | 26 | 55 % | 2.421.074 |
| Вардар | 41 | 21 | 55 % | 2.067.234 | 20 | 49 % | 1.453.293 |
| Североисточен | 9 | 6 | 57 % | 232.977 | 5 | 56 % | 178.573 |
| Југоисточен | 46 | 29 | 66 % | 4.605.681 | 19 | 41 % | 3.235.133 |
| Скопски | 56 | 40 | 66 % | 8.061.035 | 24 | 43 % | 6.001.918 |
| Југозападен | 15 | 14 | 91 % | 2.153.112 | 13 | 87 % | 1.909.802 |
| Полошки | 31 | 20 | 68 % | 3.577.447 | 14 | 45 % | 2.600.351 |
| Источен | 38 | 24 | 63 % | 2.828.737 | 22 | 58 % | 1.960.486 |
| Вкупно | 283 | 186 | 65 % | 26.209.428 | 143 | 50 % | 19.760.630 |

Поддршка во мерка 7 по статистички региони:

| Регион | Поднесени | Одобрени | | | Исплатени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број (А) | Број (Б) | % (Б/А) | ЕУ дел | Број (В) | Број (В/А) | ЕУ дел |
| Пелагонија | 127 | 51 | 40 % | 1.621.301 | 44 | 33 % | 1.388.591 |
| Вардар | 73 | 10 | 14 % | 1.354.662 | 5 | 7 % | 525.889 |
| Североисточен | 40 | 8 | 20 % | 201.302 | 7 | 18 % | 171.743 |
| Југоисточен | 58 | 12 | 21 % | 2.055.497 | 9 | 14 % | 1.163.182 |
| Скопски | 134 | 39 | 29 % | 5.869.994 | 26 | 18 % | 2.658.872 |
| Југозападен | 71 | 21 | 30 % | 1.914.282 | 12 | 17 % | 957.941 |
| Полошки | 77 | 34 | 44 % | 5.206.822 | 25 | 27 % | 2.666.009 |
| Источен | 118 | 43 | 36 % | 1.402.509 | 39 | 30 % | 1.571.523 |
| Вкупно | 698 | 218 | 31 % | 19.626.369 | 167 | 22 % | 11.103.750 |

## a. Спроведување на мерка 1

Објавени се три јавни повици за мерка 1 (01/2017, 02/2018 и 01/2020). Процесот на одобрување на барањата е завршен. Стапката на одобрување е 60% на првиот јавен повик (01/2017), 58% на вториот јавен повик (02/2018) и 61% на третиот јавен повик (01/2020). Од 1.942 договори во износ од 20.626.848 € ЕУ дел, досега се реализирани 1.802, а исплатени се 17.133.428 € ЕУ дел.

Типови на производство засегнати од инвестициите во мерка 1[2]:

| Тип на производство | Поднесени барања (А) | Одобрени барања (Б) | % (Б/А) | Одобрен ЕУ дел | Исплатени барања (В) | % (В/А) | Исплатен ЕУ дел |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лозарство | 476 | 305 | 64 % | 3.813.485 | 284 | 60 % | 1.761.349 |
| Овоштарство | 1.009 | 626 | 62 % | 6.116.211 | 599 | 59 % | 6.111.964 |
| Градинарство вклучително стакленици | 214 | 114 | 53% | 965.911 | 108 | 50 % | 1.858.968 |
| Житарици | 1.403 | 854 | 61% | 6.689.549 | 774 | 55 % | 6.429.924 |
| Индустриски растенија | 52 | 22 | 42% | 187.455 | 22 | 42% | 139.846 |
| Производство на млеко | 43 | 8 | 19% | 266.920 | 5 | 12% | 196.535 |
| Производство на месо | 28 | 5 | 18% | 2.062.363 | 4 | 14% | 871.706 |
| Производство на јајца | 10 | 2 | 20% | 446.268 | 1 | 10% | 321.981 |
| Преработка на земјоделско стопанство | 11 | 4 | 36% | 72.333 | 1 | 9% | 12.786 |
| Производство на енергија од обновливи извори | 5 | 2 | 40% | 6.353 | 2 | 40% | 6.353 |

Интересот и искористеноста на ИПАРД поддршката за видовите инвестициски активности во мерката 1 е првенствено за набавка на опрема и машини. Нема интерес за инвестициски активности за изградба или реконструкција на земјоделски објекти, развој на инфраструктура на фармите или објекти за активности по бербата и директен маркетинг на фармите. Причината за оваа состојба е неможноста на барателите да добијат дозволи за градба/реконструкција. Легализацијата на фармите, недостатокот на детални урбанистички планови во селата и слабите капацитети на руралните општини одговорни за ова прашање се дополнителни проблеми што го попречуваат процесот на добивање на одобрение за изградба или реконструкција.

Исто така, не се покажа интерес за инвестиции во системи за наводнување, комбајни, специјализирани приколки и возила за земјоделски транспорт и набавка на повеќегодишни дрвја и растенија. Инвестициите во наводнување имаат помала вредност и тие обично се комбинираат со друга опрема и машини. Со цел да се избегне двојно пребројување на проектите, системот за следење ги регистрира

[2] Податоците презентирани во табелата се со важност до јуни 2024

овие мешани барања според повисоката цена на набавената ставка, во овој случај опремата или машинеријата.




## b. Спроведување на мерка 3

Имаше пет јавни повици за мерка 3 (01/2017, 01/2018, 02/2019, 01/2022 и 01/2023). Процесот на одобрување на барањата на сите повици е завршен. Стапката на одобрување на јавните повици достигна 46%, 58%, 80%, 67% и 67%. Од 186 договори (26.209.428 € ЕУ средства), досега се реализирани и исплатени 143, при што на корисниците се распределени 19.762.631 € ЕУ средства.

Типови на производство засегнати од инвестициите во мерка 3[3]:

| Тип на производство | Поднесени барања (А) | Одобрени барања (Б) | % (Б/А) | Одобрен ЕУ дел | Исплатени барања (В) | % (В/А) | Исплатен ЕУ дел |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Собирни центри за млеко | 11 | 7 | 64 % | 972.966 | 5 | 50 % | 296.171 |
| Преработка на млеко | 14 | 9 | 62 % | 685.873 | 7 | 50 % | 532.775 |
| Преработка на месо | 46 | 37 | 80 % | 4.092.384 | 28 | 61 % | 3.090.690 |
| Собирни центри овошје и зеленчук | 30 | 23 | 77 % | 5.700.405 | 18 | 60 % | 3.877.472 |
| Преработка овошје и зеленчук | 95 | 60 | 63 % | 9.471.451 | 41 | 43 % | 8.130.569 |
| Преработка житарици и мелничка индустрија | 34 | 20 | 59 % | 1.063.506 | 12 | 35 % | 400.753 |
| Масти и масла | 5 | 2 | 40 % | 24.616 | 1 | 20 % | 9.620 |
| Вино | 48 | 28 | 58 % | 4.198.271 | 21 | 44 % | 2.944.361 |

Слично на мерката 1, повеќето видови инвестиции во оваа мерка се во набавка на машини и опрема за специјализирани производствени активности. Сепак, имаше 30 барања и 10 договори за проекти кои вклучуваат инвестиции во изградба/реконструкција на оперативни објекти. Барателите не покажуваат интерес да инвестираат во управување со отпад и отпадни води, подобрување на инфраструктурата на фармите и специјализирани транспортни приколки и возила. Во 45 наврати, договорите биле откажани по барање на барателите, најчесто поради значително зголемување на цените.

[3] Податоците презентирани во табелата се со важност до јуни 2024




## c. Спроведување на мерка 7

За оваа мерка беа објавени три јавни повици. На првиот јавен повик (01/2017) има 23 одобрени барања (ЕУ дел од 3.222.895 €) и стапка на одобрување од 12%. Бројот на исплатени барања на овој повик достигна 16 (ЕУ дел од 1.390.949 €). На овој повик беа поднесени голем број барања (46) за инвестиции во производство на обновлива енергија. Сите беа одбиени поради неисполнување на критериумите од Програмата. Инвестициите во производството на обновлива енергија подоцна беа исклучени од понатамошни јавни повици. На вториот јавен повик (01/2019) поднесени се 261 барање и склучени се 80 договори (ЕУ дел од 6.470.773 €). Стапката на одобрување на барањата на овој јавен повик е 31%. Бројот на исплатени барања на овој повик достигна 71 (ЕУ дел од 5.071.729 €). На третиот јавен повик (01.2021) поднесени се 250 барања и потпишани 115 договори (ЕУ дел од 9.932.701 €). Стапката на одобрување на барањата на овој јавен повик е 46 %. Бројот на исплатени барања на овој повик достигна 80 (ЕУ дел од 4.641.072 €).

Исплатени се вкупно 167 проекти (придонес на ЕУ од 11.103.750 €).

Типови на производство засегнати од инвестициите во мерка 7[4]:

| Тип на производство | Поднесени барања (А) | Одобрени барања (Б) | % (Б/А) | Одобрен ЕУ дел | Исплатени барања (В) | % (В/А) | Исплате н ЕУ дел |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одгледување на печурки и тартуфи | 1 | 0 | 0 % | 0 | 0 | 0 % | 0 |
| Цвеќарство | 9 | 1 | 11 % | 185.623 | 0 | 0 % | 0 |
| Производство на семе и расад | 3 | 1 | 33 % | 73.847 | 0 | 0 % | 0 |
| Одгледување на животни | 7 | 1 | 14 % | 183.657 | 1 | 14 % | 173.326 |
| Пчеларство | 200 | 86 | 43 % | 295.890 | 77 | 39 % | 353.969 |
| Одгледување на лековити, зачински и ароматични растенија | 27 | 9 | 33 % | 23.113 | 4 | % | 10.616 |

[4] Data presented in the table are with cutoff date June 2024

| Тип на производство | Поднесени барања (А) | Одобрени барања (Б) | % (Б/А) | Одобрен ЕУ дел | Исплатени барања (В) | % (В/А) | Исплате н ЕУ дел |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одгледување на дрва за сеча и биомаса | 4 | 1 | 25 % | 128.277 | 1 | 25 % | 126.541 |
| Рибарство и аквакултура | 5 | 1 | 0 % | 7.087 | 1 | 0 % | 7.082 |
| Преработка на млеко | 17 | 1 | 6 % | 20.549 | 1 | 6 % | 19.301 |
| Преработка на месо | 1 | 0 | 0 % | 0 | 0 | 0 % | 0 |
| Преработка на овошје и зеленчук | 46 | 21 | 46 % | 2.050.314 | 10 | 24 % | 961.410 |
| Преработка на житарици | 1 | 0 | 0 % | 0 | 0 | 0 % | 0 |
| Пијалоци | 8 | 1 | 13 % | 222.562 | 1 | 13 % | 3.689 |
| Преработка на дрво | 33 | 15 | 45 % | 2.186.060 | 12 | 36 % | 1.628.901 |
| Производство на хартија и картон | 1 | 1 | 100 % | 270.912 | 1 | 100 % | 270.783 |
| Производство на мебел | 104 | 40 | 38 % | 7.118.407 | 37 | 36 % | 4.902.711 |
| Занаетчиство | 9 | 4 | 44 % | 506.398 | 1 | 11 % | 16.331 |
| Ветеринарни услуги | 31 | 10 | 32 % | 624.259 | 6 | 19 % | 152.541 |
| Изнајмување на земј. механизација | 2 | 2 | 100 % | 450.892 | 2 | 100 % | 433.638 |
| Социјални услуги | 5 | 0 | 0 % | 0 | 0 | 0 % | 0 |
| Обуки и едукативни услуги | 8 | 2 | 25 % | 503.362 | 2 | 25 % | 14.974 |
| Транспортни услуги | 1 | 0 | 0 % | 0 | 0 | 0 % | 0 |
| Останати услуги | 8 | 1 | 13 % | 410.708 | 0 | 0 % | 0 |
| Туристичко сместување | 67 | 16 | 24 % | 3.691.270 | 15 | 22 % | 2.103.415 |
| Угостителски услуги | 25 | 3 | 12 % | 390.643 | 2 | 8 % | 332.185 |
| Рурални музеи | 14 | 2 | 14 % | 549.110 | 1 | 7 % | 147.717 |
| Семинари и тренинзи | 8 | 0 | 0 % | 0 | 0 | 0 % | 0 |
| Рекреативни активности | 7 | 0 | 0 % | 0 | 0 | 0 % | 0 |
| Производство на енергија од сонце, вода, ветер, геотермална енергија | 40 | 0 | 0 % | 0 | 0 | 0 % | 0 |
| Производство на био гориво | 1 | 0 | 0 % | 0 | 0 | 0 % | 0 |
| Енергија за сопствено користење | 5 | 0 | 0 % | 0 | 0 | 0 % | 0 |

Во оваа мерка, преовладува интересот за инвестирање во изградба и реконструкција на оперативни објекти за соодветните економски активности, инвестиции за подобрување на инфраструктурата на барателите и инвестиции во специјализирана опрема за преработка.




## 3. Оцена на напредокот во спроведувањето на целите, мерките и инвестициите на ИПАРД Програмата 2021-2027

ИПАРД Програмата 2021-2027 година е усвоена со Одлука на Комисијата (C(2022)1538 од 9 март 2022 година. Договорот за финансиско рамковно партнерство беше ратификуван од македонското Собрание во ноември 2022 година со донесување на Законот за ратификација (Службен весник бр. 252/22). Секторскиот договор стапи во сила на 15.02.2023 година, по потпишување од двете страни.

Имплементацијата на Програмата започна во септември 2023 година кога беше објавен јавниот повик 01/2023. Во овој повик беа опфатени две мерки (1 и 7). Расположливиот буџет за мерка 1 беше 18,8, а 11,4 милиони евра за мерка 7. Иако буџетот за мерките е повисок од буџетот на претходните јавни повици, поради големиот интерес на барателите мораше да се примени постапка за рангирање .

Јавен повик за мерка 3 (01/2024) беше објавен во април 2024 година, по разгледување на барањата од последниот ИПАРД II повик за оваа мерка.

Резултати од спроведувањето на ИПАРД III Програмата заклучно со септември 2024 година.

| Мерка | Поднесени барања | Побарана сума | Одобрени барања | Одобрен ЕУ дел | Исплатени барања | Исплатен ЕУ дел |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 901 | 51.029.404 | 227 | 6.768.698 | 1 | 229.507 |
| 3 | 116 | 32.304.184 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7 | 257 | 46.179.378 | 39 | 6.992.155 | 0 | 0 |
| 9 | 14 | 644.011 | 6 | 10.841 | 0 | 0 |
| Вкупно | 1.274 | 130.156.977 | 272 | 13.771.694 | 0 | 0 |

Покрај спроведувањето на веќе акредитираните мерки, ИПАРД структурите се во фаза на акредитација на дополнителни 4 мерки кои се вклучени во ИПАРД III Програмата. Во тој контекст, се очекува до крајот на ноември 2024 година, пакетот за акредитација за мерката 6 (Рурална јавна инфраструктура) да биде доставен до службите на Генералниот директорат за земјоделство, пакетите за акредитација на мерката 4 (Агроекологијата, клима и органското производство) и мерката 5 (LEADER пристап) ќе бидат доставени до крајот на 2025 година, а за мерката 10 (Советодавни услуги) во текот на 2026 година.